ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2024 ГОДИНА НА ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА
# СМЕТКА НА РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ

01 2025 04 21

Скопје, октомври 2025 година

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на политичката партија Социјалдемократски сојуз на Македонија, на сметката за редовно работење за 2024 година.

Со извршената ревизија, изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2024 година и мислење без резерва за усогласеност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија за 2023 година и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи со ревизија на усогласеност на Социјалдемократски сојуз на Македонија, сметка за редовно работење и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење без резерва за усогласеност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Со извршената ревизија беше опфатено и спроведувањето на препораката дадена во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2023 година, при што утврдивме дека истата е во тек на спроведување.
Имено, за дел од градежните објекти, наследени од правниот субјект претходник на партијата не е решен сопственичкиот статус, поради што истите не се воведени во евиденцијата кај надлежната агенција и во сметководствената евиденција на партијата, за која состојба овластениот државен ревизор извести и во Конечните извештаи за претходни години.
Утврдивме дека од страна на одговорните лица се преземаат активности за надминување на оваа состојба и дадена е препорака за нивно продолжување, со цел надминување на истата.

Во делот на нагласување на прашања истакнуваме дека и во 2024 година политичката партија нема остварено приходи од членарини, состојба за која известивме и во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за претходна година како и за структурата на остварените приходи по извори и расходи по намени во 2023 и 2024 година.

Во делот на Останати прашања известуваме за слабости во законската регулатива, за кои во повеќе наврати Државниот завод за ревизија обелодени преку своите годишни извештаи, а кои се однесуваат на потребата да се:

- преиспита член 83 став 2 од Изборниот законик во делот на финансирањето на изборната кампања со средства од редовната сметка на политичката партија, во врска со член 88 од Изборниот законик;
- донесат поконкретни насоки за регулирање на начинот на плаќање, уплата и евидентирање на членарината како извор на финансирање на политичките партии со цел еднообразност во начинот на нивното сметководствено

евидентирање и потврдување на законски утврдениот лимит за секој член одделно;

- доуреди законската регулатива во делот на утврдување на роковите за одделни активности поврзани со начинот на планирање, распределба и исплата на средствата од редовно годишно финансирање на политичките партии;
- преземат активности за изменување и дополнување на подзаконските акти со кои се уредува начинот на водење на сметководството на непрофитните организации, со кои ќе се обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции".

Надлежните органи потребно е да преземат активности за надминување на утврдените системски слабости.

Од страна на одговорното лице на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот број 13 – 162/7 од 22.08.2025 година.

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | 1 |
| 2. | Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. | Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. | Основ за мислење со резерва за финансиските извештаи | 3 |
| 4. | Нагласување на прашања | 3 |
| 5. | Останати прашања | 6 |
| 6. | Законска основа за ревизијата и временски период | 10 |
| 7. | Опфат и ограничувања | 10 |
| 8. | Одговорност за финансиски извештаи | 10 |
| 9. | Одговорност на ревизорите | 10 |
| 10. | Одговор на ревидираниот субјект | 12 |
| Финансиски извештаи за 2024 година | | |
| Биланс на приходи и расходи | | 13 |
| Биланс на состојба | | 14 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | | 15 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | | |
| Вовед | | 16 |
| Сметководствени политики | | 17 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | | 19 |

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| ДИК | Државна изборна комисија |
| ПП | Политичка партија |
| СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија |

Број: 13-162/9
Дата: 20.10.2025

## 1. Вовед

Социјалдемократскиот сојуз на Македонија е самостојна политичка партија на слободни и одговорни членови кои дејствуваат заради остварување на основни политички начела и цели преку демократско формирање и изразување на политичката волја со учество на избори, како и на друг демократски начин.

ПП Социјалдемократски сојуз на Македонија – СДСМ е основана на 21 април 1991 година на 11 Конгрес на Сојуз на комунистите на Македонија – Партија за демократска преобразба (СКМ-ПДП) кога врз основа на иницијативата на претседателството на ЦК СКМ-ПДП од 14 февруари 1991 година и предлогот на Централниот Комитет на 23 февруари 1991 година е донесена и одлуката за промена на името од СКМ-ПДП во СДСМ. При формирањето, партијата е запишана со Решение[1] на Собрание на Град Скопје Градскиот секретаријат за внатрешни работи Скопје во регистарот на општествените организации – здруженија на граѓани под реден број 1276 и во Основен суд Скопје I Скопје под Рег. број 9.
Согласно Законот за политичките партии[2] и Законот за судовите[3], во континуитет ПП СДСМ секој четири години врши пререгистрација и упис во Регистарот на политички партии при Основен суд Скопје II-Скопје. Во 2023 година, во судскиот регистар на ПП со Решение[4] извршено е последно усогласување – пререгистрација на ПП СДСМ.

Основањето, работењето и финансиското и материјалното работење на партијата е јавно. ПП е непрофитна организација. Нејзини основни акти се Статутот и Програмата.

Политичката партија се финансира од јавни и приватни извори на финансирање согласно Законот на финансирање на политичките партии[5]. Во својата внатрешна организација партијата има формирано партиско истражувачко-аналитички центар кој се финансира и работи на начин утврден со закон[6].

[1] УП бр.38/6404/1 од 05.07.1990 година
[2] Сл. весник на Република Македонија бр.76/2004, 5/2007, 8/2007, 5/2008, 23/13, 4/2014 и 236/2022
[3] Сл. весник на Република Македонија бр.58/2006, 35/2008, 150/2010, 39/2012, 83/2018, 198/2018 и 96/2018
[4] РПП број 4/23 од 10.02.2023 година
[5] Сл. весник на Република Македонија бр. 76/2004, 86/2008, 161/2008, 96/2009, 148/2011, 142/2012, 23/2013, 140/2018 и Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 294/2020
[6] Закон за партиски истражувачко-аналитички центри Сл. весник на Република Македонија бр.23/13 и 15/15

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- финансиските извештаи на страна од 12 до 14 на ПП Социјалдемократски сојуз на Македонија, на сметката за редовно работење, за 2024 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи и
- усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ПП Социјалдемократски сојуз на Македонија за 2024 година, на сметката за редовно работење, со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, освен за изнесеното во точка 3.1. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ПП Социјалдемократски сојуз на Македонија за 2024 година, сметка за редовно работење како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на ПП Социјалдемократски сојуз на Македонија за 2024 година, на сметката за редовно работење, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодекс на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност.

Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

## 3.1. Основ за мислење со резерва за финансиските извештаи

3.1.1. Овластениот државен ревизор во конечните извештаи за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ПП СДСМ за претходни години, извести дека за дел од објектите[7] кои партијата ги користи, а ги има наследено од правен субјект нејзин претходник, партијата нема обезбедено имотни листови за регулирање на правото на сопственост и дека се преземаат активности за уредување на правото на сопственост над овие објекти. И покрај преземените активности, сеуште не се обезбедени документи за сопственост, поради што не е извршено нивно запишување во Агенцијата за катастар на недвижности, не е проценета нивната вредност и не се евидентирани во деловните книги, согласно одредбите на Законот за сметководство на непрофитните организации и Законот за сопственост и други стварни права, што влијае на искажаната вредност на позицијата на постојаните средства во Билансот на состојба.

Политичката партија во мај 2025 година има добиено опомена пред тужба со која се бара во рок од 30 дена да го испразни објектот[8]. Доставена ни е документација за ангажиран адвокат кој презема дејствија за вештачење на вешти лица од област на градежништво и геодезија. За утврдување на право на сопственост покрената е тужба со предлог за определување на привремена мерка, по што е добиено Решение за привремена мерка[9]. По завршување на постапката ќе се продолжи со соодветни активности.

Препорака:

Одговорното лице на партијата да продолжи со активностите за утврдување на сопственоста на објектите кои се користат, нивно запишување во Агенцијата за катастар на недвижности и соодветно евидентирање во деловните книги на партијата.

## 4. Нагласување на прашања

4.1. Со одредбите на член 13 од Законот за финансирање на политичките партии, уредени се приватните извори на финансирање на политичките партии. Членарината претставува редовен износ на средства, кој членот на политичката партија го плаќа годишно согласно со актите на партијата. Согласно член 14 од наведениот закон, износот на членарината за период од една година на секој член поединечно не смее да биде повисок од една просечна исплатена нето плата во Републиката во претходната година, што ја објавува Државниот завод за статистика. Во 2024 година партијата нема остварено приходи по основ на членарини, состојба за која известивме и во Конечниот извештај за извршена

[7] Објект во Тетово, Куманово, Кисела Вода, Центар, Виница, Кочани и Демир Хисар
[8] За објект во општина Куманово
[9] II ТС - 8/25 од 24.06.2025 година

ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ПП СДСМ и за 2023 година.

4.2. Во член 7 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено дека политичките партии се финансираат од јавни и приватни извори на финансирање. Јавните извори на финансирање се финансиските средства предвидени со Буџетот на државата и вкупните средства за годишно финансирање на ПП е утврдена во висина 0,15% од вкупните изворни приходи на Буџетот. Овие средства во утврдениот износ се планираат во буџетот на Министерството за правда за секоја фискална година од каде врз основа на решение од министерот се исплаќаат до ПП. Приватни извори на финансирање на ПП се: членарина, кредит, донации, подароци, прилози, дотации, спонзорства, легати, продажба на промотивен и пропаганден материјал и сопствени приходи, камата на депозит депониран во банка, закупнина, односно издавање под закуп на движен и недвижен имот на партијата.
Во 2023 година ПП СДСМ има остварено вкупни приходи во износ од 119.389 илјади денари, додека  во 2024 година, вкупните приходи се во износ од 212.356 илјади денари и во однос на 2023 година бележат пораст од 78% односно во 2024 година остварени се приходи за 92.967 илјади денари повеќе во однос на 2023 година.

Во графикон бр.1 прикажана е висината на остварените приходи по извори во 2023 и 2024 година во 000 денари додека во графикон бр.2 прикажано е нивното учество во вкупните приходи.

*Графикон бр.1 Остварените приходи по извори во 2023 и 2024 година во 000 денари*



*Графикон бр.2 Учество на приходи по извори во вкупни приходи во 2023 и 2024 година*




Анализата на податоците покажува дека во 2024 година приходите од донации и пренесениот вишок на приходи од минати години во однос на 2023 година имаат незначителен пораст од 1%-2%, додека приходите од буџетот, иако во апсолутен износ бележат пораст 8.686 илјади денари, нивното учество има тренд на намалување, односно од 73% во 2023 година, во 2024 година нивното учество е 45%. Ваквата состојба е резултат на тоа што во 2024 година зголемени се приходите од други субјекти, односно партијата има обезбедено приходи од кредити од деловна банка во вкупен износ од 60.000 илјади денари.

Во 2023 година ПП СДСМ има остварено вкупни расходи во износ од 66.449 илјади денари, додека во 2024 година, вкупните расходи се во износ од 183.087 илјади денари и во однос на 2023 година бележат пораст од 176% односно во 2024 година, расходите се зголемени за 116.638 илјади денари во однос на 2023 година.

Во графикон бр.3 прикажана е висината на реализираните расходи по намени во 2023 и 2024 година во 000 денари додека во графикон бр.4 прикажано е нивното учество во вкупните расходи.

*Графикон бр.3 Реализирани расходи по намени во 2023 и 2024 година во 000 денари*



Податоците покажуваат дека најголем пораст во расходите во 2024 година, во однос на 2023 година има кај расходите по основ на пренесени средства, што се должи на тоа што во 2024 година спроведени се две изборни кампањи, и тоа: за Избор на претседател на Република Северна Македонија и за Избор на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија. Согласно член 83 од Изборниот законик од сметката за редовно работење на ПП на сметките за изборна кампања [10] префрлени се средства во вкупен износ од 72.131 илјада денари. Покрај овие, во 2024 во однос на 2023 за 5 пати се зголемени и расходите на име други расходи, што се должи на предвремена отплата на земени кредити од деловна банка од минати години во вкупен износ од 44.300 илјади денари.

*Графикон бр.4 Учество на расходи по намени во вкупни расходи во 2023 и 2024 година*




Порастот на расходите на име пренесени средства и други расходи во 2024 година во однос на 2023 година влијае и на учеството на расходите по намени во вкупните расходи. Имено расходите на име пренесени средства во 2023 година учествуваат со 3% во вкупните расходи додека во 2024 година нивното учество е 41%.

Анализата на остварените расходи покажува дека структурата на расходите на партијата во годините кога се спроведуваат избори се менува, имајќи го предвид член 83 став 2 алинеја 1 од Изборниот законик, каде извор на финансирање на изборната кампања, меѓу другите извори се и средствата од редовната сметка на политичката партија.

## 5. Останати прашања

Државниот завод за ревизија во изминатиот период во континуитет во конечните ревизорски извештаи за извршени ревизии на регуларност на ПП и на сметките на

[10] Парламентарни избори Одлука бр.03-80/1 од 23.03.2024 и Решение бр.03-116 од 09.04.2024 година, Решение бр.03-140 од 29.04.2024 година и Решение бр. 03-142 од 07.05.2024 и
Претседателски избори Одлука 03-80/1 од 23.03.2024 и Решение бр.03-89 од 27.03.2024 Решение бр.03-117 од 09.04.2024 и Решение бр.03-141 од 30.04.2024 година

учесниците во изборните кампањи известува за утврдени слабости во Законот за финансирање на политичките партии и Изборниот законик за кои е потребно доуредување, а се однесуваат на:

5.1. Согласно член 9 од Законот за финансирање на политичките партии, политичките партии средствата за годишно финансирање од Буџетот на Република Северна Македонија можат да ги користат исклучиво за остварување на своите цели утврдени со закон, статут и други акти на партијата.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик во 2020 година[11], во член 83 став 2 уредено е дека изборната кампања може да се финансира, меѓу другите извори и од средства од редовната сметка на политичката партија. Имајќи ја предвид оваа одредба, укажуваме дека дадена е законска можност, средствата добиени од Буџетот на Република Северна Македонија за финансирање на редовното работење на политичките партии да се прелеваат како финансиски средства со кои ќе се покриваат трошоци на учесниците во изборните кампањи, што може да доведе до финансирање на изборната кампања со средства од Буџетот на државата во повисок износ од утврдениот во членот 88 од Изборниот законик согласно кои „средствата за спроведување на изборите се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и со нив располага Државната изборна комисија“. Во истиот член е уредено дека две третини од средствата наменети за изборите служат за покривање на трошоците поврзани со изборните дејствија на органите за спроведување на изборите, а една третина од средствата служи за покривање на дел од трошоците што ги направиле учесниците во изборната кампања чии кандидати се избрани.

Имајќи го во предвид наведеното ревизијата смета дека потребно е да се преиспита член 83 став 2 од Изборниот законик во делот на финансирање на изборната кампања со средства од редовната сметка на политичката партија.

5.2. Согласно членот 13 од Законот за финансирање на политичките партии, членарината е предвидена како дел од приватни извори на финансирање на политичките партии. Членарината претставува редовен износ на средства кој членот на партијата го плаќа годишно согласно со актите на партијата. Овој износ поединечно по член, согласно член 14 од истиот закон, за период од една година „не смее да биде повисок од една просечна исплатена нето плата во Републиката во претходната година, што ја објавува Државниот завод за статистика“. Приходите од членарина кај дел од партиите, се регулирани со интерни акти каде се пропишани висината на членарината, начинот на плаќање и уплата, како и начинот на нивното евидентирање во деловните книги.

Имајќи ги во предвид одредбите на член 33 став 2 алинеја 2 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик[12] со кој како извор на финансирање на изборната кампања е утврдена и „членарина на политичка

[11] Службен весник на Република Северна Македонија бр.42/20
[12] Службен весник на Република Северна Македонија бр. 42/2020

партија“, од една страна и не секогаш воспоставена целосна и соодветна евиденција во деловните книги за висината на членарината по член на партијата за соодветен известувачки период, вкупните приходи на име членарина за соодветен известувачки период и висината на пренесените средства од редовната сметка на сметката за изборна кампања за одреден изборен процес од друга страна упатува на потребата од доуредување на наведената состојба.

Заради воедначено постапување кај сите политички субјекти, ревизијата смета дека е потребно надлежните органи да донесат поконкретни насоки за регулирање на начинот на плаќање, уплата, евидентирање на членарината, со цел еднообразност во начинот на нивното сметководствено евидентирање и потврдување на законски утврдениот лимит за секој член одделно.

5.3. Со Законот за финансирање на политичките партии се уредува начинот на планирање, распределба и исплата на средствата за редовно годишно финансирање на ПП од Буџетот на државата, и тоа: 30% од средствата се распоредуваат подеднакво на сите ПП кои освоиле најмалку 1% од гласовите на избирачите на последните избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, на државно ниво или на последните локални избори во единицата за локална самоуправа, а 70% се распоредуваат на ПП чии што кандидати се избрани за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, сразмерно со бројот на избрани пратеници и на ПП чиишто кандидати се избрани за советници на последните локални избори, сразмерно со бројот на избрани советници.

Согласно законот, ДИК е должна да достави до Министерството за правда листа на ПП кои освоиле најмалку 1% од гласовите на избирачите на последните одржани избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, на државно ниво или на последните одржани локални избори во секоја општина и во Град Скопје, на ниво на општина односно на ниво на Град Скопје. По доставување на наведените податоци, од страна на Министерството за правда се донесува Решение за распоредување на средства за финансирање на ПП од Буџетот на Република Северна Македонија по чие изготвување се врши исплата на средствата.

Во законот не е пропишан рок во кој Министерството за правда треба да донесе одлука за распоредување/исплаќање на средствата за ПП во текот на годината и рок во кој ДИК треба да ја достави листата на ПП кои добиле најмалку 1 % од гласовите на изборите за пратеници во Собранието на државно ниво или на последните локални избори како и листата до Министерството за правда на пратеници од ПП избрани за Собранието на државно ниво и листа на советници од ПП избрани на локалните избори на државно ниво.

Наведената состојба предизвикува ПП да не можат да ги планираат приходите од Буџетот на Република Северна Македонија, да ги усогласат планираните активности со изворите на средства, ниту пак да ги внесат во сметководствените книги и да преземат мерки за наплата на побарувањата од Министерството за правда.

Потребно е надлежните органи да преземат активности за доуредување на законската регулатива во делот на утврдување на временската рамка за наведените активности.

5.4. Во Конечните извештаи за извршените ревизии на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на политичките партии во минати години, овластениот државен ревизор извести дека водењето на сметководството, деловните книги, сметководствените документи и обработката на податоците, признавањето на приходите и расходите, проценувањето на билансните позиции, ревалоризацијата, финансиските извештаи и доставувањето на финансиските извештаи на политичките партии се уредени со Законот за сметководството за непрофитните организации[13], за кој е потребно надлежните институции да преземат активности за изменување и дополнување, и тоа:

- Согласно член 13 од наведениот закон признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации се спроведува според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции, што значи дека приходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположливост. Имено, приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно и постапувањето при евидентирањето на истите кај ПП е еднообразно, додека под критериумот расположливост на приходите/расходите во пресметковниот период се подразбира дека истите се расположливи кога се остварени во пресметковниот период **или** во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

  Поради наведените алтернативни критериуми за расположливоста на приходите (сврзникот „или„) ревизијата смета дека надлежните органи потребно е да донесат поконкретни насоки во однос на рокот на нивната расположливост и евидентирање.
- За воспоставување на сметководствената евиденција кај непрофитните организации и обрасците за подготвување на финансиските извештаи донесени се подзаконски акти и тоа:
  - ✓ Правилник за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации[14] и
  - ✓ Правилник за сметковниот план и билансите на непрофитните организации[15].

  Во наведените правилници, пропишани се сметки и позиции кои не бараат одлив на парични средства односно истите претставуваат пресметковни позиции и нивното признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа".

[13] Службен весник на Република Македонија бр. 24/03, 17/11 и 154/15
[14] „Службен весник на Република Македонија„ број 117/05
[15] „Службен весник на Република Македонија„ број 117/05, 11/06

Надлежното министерство потребно е да преземе активности за изменување и дополнување на наведените подзаконски акти, со кои ќе се обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции”.

## 6. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2025 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е планирана и извршена во периодот од 24.04.2025 до 21.05.2025 година кај ПП Социјалдемократски сојуз на Македонија од тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државниот завод за ревизија извршена е ревизија за 2023 година и издаден е извештај за финансиските извештаи со ревизија на усогласеност на ПП Социјалдемократски сојуз на Македонија, за сметка на редовно работење и е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење без резерва за усогласеност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 7. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфатот на ревизијата.

## 8. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на ПП СДСМ, застапувано од:

- Димитар Ковачевски, претседател до 22.05.2024 година;
- Венко Филипче, претседател од 03.07.2024 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 9. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се

ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на политичката партија Социјалдемократски сојуз на Македонија, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на

разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

## 10. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој нацрт извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на ПП Социјалдемократски сојуз на Македонија-СДСМ одржан на ден 11.06.2025 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на одговорното лице на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот број 13 – 162/7 од 22.08.2025 година.

## СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2024 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 3.1.1. | 159.198 | 91.560 |
| Пренесен дел од вишок на приходи од претходна година | 3.1.2. | 52.940 | 27.666 |
| Вонредни приходи | 3.1.3. | 218 | 163 |
| **Вкупно приходи** | | **212.356** | **119.389** |
| **Расходи** | | | |
| Расходи, материјални расходи, услуги и амортизација | 3.2.1. | 37.741 | 39.316 |
| Други расходи | 3.2.2. | 53.491 | 10.797 |
| Пренесени средства | 3.2.3. | 75.729 | 2.002 |
| Капитални и други средства | 3.2.4. | 2.616 | 173 |
| Плати и надомест на плати | 3.2.5. | 13.175 | 13.832 |
| Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 3.2.6. | 335 | 329 |
| **Вкупно расходи** | | **183.087** | **66.449** |
| **Вишок на приходи** | | **29.269** | **52.940** |

## СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2024 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 29.767 | 53.226 |
| Купувачи во земјата | | 0 | 401 |
| Побарувања за даноци, придонеси и други давачки | | | |
| Краткорочни финансиски побарувања | 4.1.2. | 533 | 35 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 37.389 | 25.909 |
| **Вкупно тековни средства** | | **67.689** | **79.571** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | | |
| Капитални (материјални) средства | 4.2.1. | 171.222 | 164.390 |
| **Вкупно капитални средства** | | **171.222** | **164.390** |
| **Вкупна актива** | | **238.911** | **243.961** |
| Пасива | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 5.694 | 6.866 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2. | 29.801 | 53.375 |
| Обврски по краткорочни кредити и заеми | 4.3.3. | 498 | 286 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **35.993** | **60.527** |
| **Обврски по долгорочни кредити и заеми** | 4.4. | **31.696** | **19.044** |
| **Извори на деловни средства** | | | |
| Деловен фонд | 4.5.1. | 171.222 | 164.390 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **171.222** | **164.390** |
| **Вкупна пасива** | | **238.911** | **243.961** |

СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА
ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2024 ГОДИНА

во 000 ден.

| О П И С | Деловен фонд | Останат капитал (залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Состојба 01.01.2024 година | 164.390 | - | 164.390 |
| Зголемување по основ на: | 14.400 | 287 | 14.687 |
| Набавки | 2.026 | 287 | 2.313 |
| Ревалоризација на капитални средства | 12.374 | | 12.374 |
| Намалување по основ на: | 7.568 | 287 | 7.855 |
| Амортизација | 3.611 | 287 | 3.898 |
| Ревалоризација на амортизација | 3.957 | | |
| Состојба 31.12.2024 година | 171.222 | - | 171.222 |